Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 08.06.2026
Орг.Един. / Nj. Org. | Број: / Numri: 09-57/5 | Прилог: / Shtojcë: | Вредност: / Vlerë:

УПРК.бр.6/2025

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Благордна Аранѓелова - претседател на советот, м-р.Снежана Трповска и Елеонора Хамулиќ Ајро - членови на советот, со записничар Ќефајет Бериша - судски референт, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство трговија и услуги КАЗ ГРУП увоз - извоз ДОО Илинден од Скопје, преку управител Катерина Здравеска изјавена против Заклучок ПП.бр.09-45/10 од 17.04.2025 година, на Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита од конкуренцијата, вредност на спорот 4.909.000,00 денари, основ – прекршоци од областа на конкуренцијата(доминантна позиција), по одржаната усна јавна расправа на ден 08.04.2026 година, во присуство на претставници на тужениот орган овластени лица Соња Дејанова Лапе и Кристина Петрова, а во отсуство на тужителот уредно поканет, согласно член 58 и член 59 став 1 од Законот за управните спорови, на ден 08.04.2026 година ја донесе и јавно ја објави следната:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за производство трговија и услуги КАЗ ГРУП увоз-извоз ДОО Илинден од Скопје, изјавена против Заклучок ПП.бр. 09-45/10 од 17.04.2025 година, на тужениот орган Комисија за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита од конкуренцијата, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспорениот Заклучок означен во изреката на пресудата, барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-45/1 од 24.02.2025 година инцирано врз основа на барањето бр.03-67/1 од 05.02.2025 година и бр.03-67/2 од 24.02.2025 година, доставено од Друштво за производство, трговија и услуги КАЗ ГРУП увоз извоз ДОО Илинден, претставувано преку управител Катерина Здравеска, против ЦМЦ ГРОУП ДОО Скопје, заради утврдување на евентуален прекршок од член 59 став 1 и став 2, а во врска со член 7 и 11 од Законот за заштита на конкуренцијата, се отфрла.

Незадоволна од заклучокот на тужениот орган, тужителот со тужбата ја оспори законитоста на истото поради погрешно утврдена фактичка состојба, погрешна примена на материјалното право и повреда на правилата на постапката. Имено наведува дека, од тужениот орган барал да утврди постоење на прекршок од член 59 од Законот за заштита на конкуренција сторен од страна на правното лице ЦМЦ ГРОУП ДОО Скопје. Наведеното од причина што тужителот се пријавил во постапка за јавна набавка спроведена на ден 05.11.2024 година од страна на АД Водостопанство на РСМ и во оваа постапка неговата понуда била отфрлена од причина што дел од понудените мостри од негова страна значително отстапувале од барањето во техничката спецификација, а кое нешто се случило поради тоа што правното лице ЦМЦ ГРОУП ДОО Скопје против кого било поднесено Барањето за поведување на прекршочна постапка ја злоупотребило доминантната позиција на пазарот, и му дал нерамноправен третман во однос на другите економски оператори. Дополнително наведува дека во јавната набавка правното лице ЦМЦ ГРОУП ДОО Скопје, кое имало доминантната позиција на пазарот за производи на правни лица од Франција и Германија, не му издал гаранција за квалитетот на понудените производи, што допринело понудата на сега тужителот во постапката за јавна набавка да биде отфрлена, односно на сите останати учесници во

постапката за јавна набавка им била издадена гаранција, а нему не и со ова нешто сега тужителот бил доведен во нерамноправна положба. Дополнително фактот дека тужениот орган при утврдување на фактичката состојба, селективно ги ценел доказите, односно поклонил верба само на доказите доставени од ЦМЦ ГРОУП ДОО Скопје, а воопшто не ги земал во предвид доказите доставени од страна на тужителот. Предложи тужбата да се уважи, а заклучокот да се поништи.

Тужениот орган на ден 23.05.2025 година достави одговор на тужба до тужениот орган во кој наведе дека наводите на тужителот биле неосновани, дека правилно биле применети одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, и дека по службена должност бил извршен увид во досието од предметната постапка за јавна набавка, како и дека правилно била утврдена фактичката состојба во однос на условите кои ги исполнувале претпријатијата учесници во постапката и во однос на прашањето за доминантна позиција на пазарот на ЦМЦ Гроуп. Предложи тужбата да се одбие, а заклучокот да се потврди.

Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот, го испита побиваниот оспорен акт и согласно член 35 од Законот за управните спорови на ден 08.04.2026 година, закажа и одржа јавна усна расправа, во присуство на претставници на тужениот орган овластени лица Соња Дејанова Лапе и Кристина Петрова, а во отсуство на тужителот уредно поканет, кој не го оправда своето отсуство.

На јавната расправа претставникот на тужениот орган Кристина Петрова, истакна дека останува во наводите изнесени во одговорот на тужбата и дека тужбата била неоснована како во поглед на наводните на постапката така и во поглед на докаазите. По однос на содржината на оспорениот Заклучок смета дека истото било законито и Комисијата правилно ја утврдила фактичката состојба и правилно го применила мнатеријалното право кога одлучила да го отфрли барањето за поведување на прекшочна постапка. Истакна дека сега тужителот незадоволен од содржината на тендерската докуменатација и техничката спецификација во врска со јавната набавка тужителот доставил жалба до втростепена комисија за јавни набавки и истата биле одбиена како неоснована. Во однос на наводите на тужителот за тенденциозно креирана тендерска документација и техничка спецификација која има ограничувачки карактер, а надлежниот орган Комисијата за јавни набавки како надлежен орган веќе одлучила по овие наводи поради што прекшочната комисија не навлегувала во дополнителна анализа на истата. Тужениот орган укажува дека дополнителните докази доставени од страна на тужителот биле поднесени два дена по уредна достава на веќе донесениот оспорен заклучок и истите не биле од влијание за поинакво одлучување. Додаде дека останува на изнесеното, со предлог тужбата да се одбие како неоснована, а оспорениот Заклучок да остане во сила.

Претставникот на тужениот орган Соња Дејанова Лапе, истакна дека се приклучува кон изјавата дадена од страна на Кристина Петрова и смета дека оспорениот заклучок бил правилен и законит поради што предложи тужбата да се одбие како неоснована, а оспорениот Заклучок да остане во сила.

Во доказна постапка, Судот ги изведе сите докази кои се доставени со списите од страна на тужениот орган и тоа: оспорениот заклучок на тужениот орган П:П бр. 09-45/10 од 17.04.2025 година, препис од електронска комуникација помеѓу тужителот и странски правни лица, Тековна состојба од ЦР на РСМ за тужителот од 21.01.2025 година, во писмен одговор на тужба пристигнат во Судот на ден 29.04. 2025 година, Пресуди УПРЖ. бр.270/2023, УПРЖ. бр.611/2017 и УПРЖ. бр.349/2021 на Вишиот Управен суд, записник од извршен увид од 12.05.2025 година, Заклучок за увид во списи од 09.05.2025 година, Известување од тужен орган до тужител од 29.04.2025 година,

Поднесок од тужителот од 28.04.2025 година, со барање за издавање ана препис - Копија ос списи, Доставување на дополнителни докази од тужителот до тужен орган на 25.04.2025 година, Повратници и доставаници, барање од тужен орган до БЈБ од 03.04.2025 година, Доставување на плдатоци од тужитиел до тужен оргна на 20.03.2025 година со прилози, Податоци в.в со спорведената јавна набавка Поднесок од тзужен орган до ДМЦ ГРОУП ДОО Скопје од 05.03.2025 година, Заклучок на тужен орган од 05.03.2025 година, Известување од тужен орган до прекршочнмата комисија при истиот орган од 24.02.2025 година Барање мислење од тужител до тужен орган од 05.02.2025 година, одговор на барање мислење од 05.02.2025 година со прилози и преписки помеѓу тужителот и ЦМЦ ГРОУП Скопје од 06.11.2024 година, Податоци од ЦР на РСМ за ЦМЦ ГРОУП. од 04.03.2025 година.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителот, го испита побиваниот Заклчок согласно член 35 од Законот за управните спорови, па по оцена на наводите во тужбата, списите по предметот, доказите изведени на јавната расправа утврди дека:

Тужбата на тужителот е неоснована.

Видно од списите на предметот е дека на ден 05.02.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата било доставено Барање за мислење бр.03-67/1 со прилози од страна на сега тужителот Друштво за производство, трговија и услуги КАЗ ГРУП увоз-извоз ДОО Илинден, претставувано преку управител Катерина Здравеска, а по повод спроведената јавна набавка по оглас бр.18301/2024 од 05.11.2024 година, од причина што сметал дека со истата била нарушена конкуренцијата на економските оператори и упатувала само на одредени производители, а за кои избраниот понудувач ЦМЦ Гроуп бил ексклузивен претставниик. Постапувајќи по барањето од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 24.02.2025 година, било доставено Известување ПП.бр.09-45/1 (КЗК бр.03-67/2 од 24.02.2025 година) до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, а по што истата на ден 05.03.2025 година донела Заклучок за барање податоци ПП.бр.09-45/2 од ЦМЦ ГРОУП, како и Заклучок за барање податоци ПП.бр.09-45/4 од КАЗ ГРУП, сега тужителот. Постапувајќи по заклучокот на ден 20.03.2025 година ЦМЦ Гроуп со допис ПП.бр.09-45/6, до тужениот орган доставил одговор со кој го известил дека истиот не е ексклузивен претставник на производителите Saint Gobain PAM Франција и Kroll&Ziller Германија, а во прилог со релевантни дописи од производителите и дека не поседува договори или овластување за истото, како и дека истиот немал издадено никаква гаранција за квалитет, ниту мостри на ниту еден економски оператот во предметната постапка за јавни набавки. Понатаму на ден 20.03.2025 година тужителот постапувајќи по заклучокот со допис ПП. бр.09-45/7 до тужениот орган доставил одговор со бараните информации. Тужениот орган по разгледувањето на податоците и увидот во досието на спроведната постапка за јавна набавка утврдил дека ЦМЦ ГРОУП не е ексклузивен застапник за производите на производителите Saint Gobain PAM Франција и Kroll & Ziller Германија, ниту пак дека имал формално овластување од производителите кое би му овозможило ексклузивен третман во однос на другите претпријатија, како и дека сите понуди и гаранции им се издавале директно на потрошувачите од страна на производителите Saint Gobain PAM Франција и Kroll&Ziller Германија. Понатаму од извршениот увид во доставените понуди од страна на економските оператори по објавениот оглас број 18301/2024 година, објавен од страна на договорниот орган АД Водостопанство на РСМ, не бил пронајден ниту еден доказ дека ЦМЦ ГРОУП издал гаранција за квалитет на производите од производителите Saint Gobain PAM Франција и Kroll & Ziller Германија, односно дека сите учесници во постапката, и тоа Друштво за производство, трговија и услуги КАЗ ГРУП увоз-извоз ДОО Илинден, Акционерско друштво за проектирање и изведување градежно занаетчиски работи ЕНЕРГОМОНТ Скопје, Друштво за производство и трговија ТЕХНОСКОП ДООЕЛ Скопје и Друштво за

трговија и услуги 3Н ГРУП ДЕВЕЛОПМЕНТ ДООЕЛ Скопје, во прилог на своите понуди, како доказ за исполнување на условот дефиниран во точка 9 (Техничка спецификација за Набавки на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост) од тендерската документација, а кои биле квалификувани по овој основ, доставиле документ издаден од самиот производител, во случајот Saint Gobain PAM - Франција и Kroll & Ziller - Германија, а не од ЦМЦ ГРОУП. Врз основа на вака утврдената фактичка состојба тужениот орган утврдил дека не постоеле индиции за злоупотреба на доминантна позиција на пазарот и нерамноправен третман на подносителот на барањето КАЗ ГРУП сега тужителот, во однос на другите учесници во постапката за јавна набавка, од страна на ЦМЦ ГРОУП и дека не постоеле законски основ за поведување на прекршочна постапка, бидејќи дејствието опишано во барањето не претставувало прекршок согласно законски пропишаните одредби во Законот за заштита на конкуренцијата. Врз основа на тоа тужениот орган го донел сега оспорениот Заклучок со којшто барањето за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-45/1 од 24.02.2025 година, доставено од сега тужителот, заради утврдување на евентуален прекршок од член 59 став 1 и став 2, а во врска со член 7 и 11 од Законот за заштита на конкуренцијата, го отфрлил.

Оценувајќи ја законитоста на оспорениот Заклучок, Судот најде дека истото е правилно и законито.

Согласно член 35 од Законот за управните спорови (Службен весник на РСМ бр.96/19), Судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 37 став 1 од истиот закон, Судот одлучува по поднесената тужба, по одржана расправа, освен кога е тоа поинаку уредено со овој закон.

Согласно член 59 став 1 од истиот закон, Судот ќе го одбие тужбеното барање како неосновано, ако утврди дека постапката која претходела на оспорениот управен акт била спроведена согласно законот, дека одлуката е правилна и заснована на закон.

Согласно член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 145/10, 136/2011; 41/2014; 53/2016; 83/2018; 208/2024 и 16/2025;), Забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои: 1) директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување; 2) го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите; 3) го делат пазарот или изворите на снабдување; 4) применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што ги ставаат во понеповолна конкурентска позиција или 5) го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот.

Согласно член 11 став (1) и став (2) алинеја (3) од истиот Закон, (1) Забранета е секоја злоупотреба на доминантна позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел. (2) Злоупотреба од ставот (1) на овој член особено постои во случај на: 3) примена на различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што се ставаат во понеповолна конкурентска позиција.

Согласно член 59 став 1 точка 1 и 2 од истиот закон, Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка, ако: Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка, ако: склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на членот 7 од овој закон или стори злоупотреба на доминантна позиција во смисла на членот 11 од овој закон.

Според наоѓање на Судот, од утврдената фактичка состојба пред тужениот орган, врз основа на целокупните списи по предметот, имајќи ги притоа во предвид цитираните законски одредби, наводите истакнати во тужбата и доказите изведени на јавната расправа одржана пред овој Суд, произлегува дека тужениот орган правилно ја утврдил фактичката состојба врз чија основа правилно го применил материјалното право и дека во конкретниот случај не е сторена повреда на постапката на штета на сега тужителот.

Имено, во конкретниот случај, тужениот орган од оцена на приложените докази и доказите прибавени по службена должност неспорно и правилно утврдил дека ЦМЦ ГРУП не бил ексклузивен застапник за производите на производителите Saint Gobain PAM Франција и Kroll & Ziller Германија, ниту пак дека имал формално овластување од производителите кое би му овозможило ексклузивен третман во однос на другите претпријатија, како и дека сите понуди и гаранции им се издавале директно на потрошувачите од страна на производителите Saint Gobain PAM Франција и Kroll&Ziller Германија. Дотолку повеќе што од увидот во доставените понуди од страна на останатите економски оператори по предметниот оглас за јавни набавки бр.18301/2024, правилно утврдил дека не бил пронајден доказ дека ЦМЦ ГРУП воопшто издала ваква гаранција за квалитет на производите и дека на останатите економски оператори ваков документ им бил издаден од самиот производител, односно од Saint Gobain PAM Франција и Kroll & Ziller Германија, а не од ЦМЦ ГРУП. Врз основа на ваквите докази и утврдена фактичка сосотјба, истиот правилно утврдил дека не постоела злоупотреба на доминантната позиција на пазарот и нерамноправен третман за тужителот, во однос на другите учесници во постапката, од страна на ЦМЦ ГРУП, односно дека не се исполнети условите на битието на евенетуален прекршок по член 59 ст.1 и ст.2, а в.в. со чл.7 и чл.11 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Имајќи ја предвид ваквата правна и фактичка состојба на работите по предметот произлегува дека одлуката на тужениот орган е правилна и законита, а тужбата неоснована.

При одлучувањето Судот ги ценеше наводите на тужителот истакнати во тужбата, дека истиот се пријавил во постапка за јавна набавка, а во која неговата понуда била отфрлена од причина што дел од понудените мостри од негова страна значително отстапувале од барањето во техничката спецификација, а кое нешто се случило поради тоа што правното лице ЦМЦ ГРОУП ДОО Скопје против кого било поднесено Барањето за поведување на прекршочна постапка ја злоупотребило доминантната позиција на пазарот, и му дал нерамноправен третман во однос на другите економски оператори, како и тоа дека правното лице ЦМЦ ГРОУП ДОО Скопје, кое имало доминантната позиција на пазарот за производи на правни лица од Франција и Германија, не му издал гаранција за квалитетот на понудените производи, а на сите останати учесници во

постапката за јавна набавка им била издадена гаранција, со што бил доведен во нерамноправна положба и притоа тужениот орган селективно ги ценел доказите и поклонил верба само на доказите доставени од ЦМЦ ГРОУП ДОО Скопје, меѓутоа истите ги одби како неосновани и без влијание за поинакво одлучување.

Ова од причина што од увидот во доказите прибавени по службена должност од страна на тужениот орган а по повод поднесеното барање за поведување на прекршочна постапка од страна на тужителот, изведени докази на јавна расправа од 08.04.2025 година овој суд не можеше да утврди дека, ЦМЦ ГРУП ја злоупотребил својата доминантна позиција на пазарот и применил различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што ги ставил во понеповолна конкурентска позиција сега тужителот КАЗ ГРУП увоз- извоз ДОО Илинден, односно не се утврдија основите за постоење на прекршок онака како што е поставено во барањето за поведување на прекршочна постапка од страна на тужителот, а согласно член 59 ст.1 и ст.2, а в.в. со чл.7 и чл.11 од Законот за заштита на конкуренцијата. Наведеното во насока на фактото да тужениот орган по службена должност извршил увид во досието од предметната постапка за јавната набавка и се обратил за одговор и до ЦМЦ ГРУП, а од кои факти неспорно произлегува дека не била злоупотребена доминантната позиција на пазарот од страна на ЦМЦ ГРУП, како и дека сега тужителот не бил ставен во понеповолна положба во однос на другите економски оператори за предметната јавна набавка.

При одлучувањето, Судот ги ценеше и останатите тужбени наводи, но оцени дека истите не претставуваат основ за поинакво одлучување во оваа фаза на постапката, од сите погоре наведени причини.

Со оглед на изнесеното, следуваше Судот согласно член 59 од Законот за управни спорови, да одлучи како во изреката на пресудата.

ПРЕСУДЕНО во Управниот суд 08.04.2026 година, под УПРК.бр.6/2025

Записничар – судски референт
Ќефајет Бериша

Претседател на совет- Судија
Благородна Аранѓелова

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на доставувањето на истата, преку овој Суд до Вишиот управен суд.

Пресудата да се достави на:
- тужителот,
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Благородна Аранѓелова